Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/31
09.10.2020 год.
Скопје

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1 460/31
09 OCT 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 12-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 18.09.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:50 часот |
| **Бр. на седница** | 12-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сашко Стојковски, Николче Мицкоски, Зоран Мурџев, Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ, Букурије Јашари (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од седницата на НКБК одржана на 31.8.2020 година ;
2. Извештај за прогресот во подготовката на втор Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП ;
3. Надлежности/обврски на НКБК, согласно новата Програма за работа на Владата (2020-2024 година) ;
4. Разно.

## БЕЛЕШКИ

Дванаесеттата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од десеттата седница, одржана на 31.08.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка која се однесува на Извештајот за прогресот во подготовката на втор Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата и спроведување на НОБП, претседателот на НКБК, Буковалов, потенцира дека наративниот дел е подготвуван од страна на Секторот за комуникации на МИОА, а се однесува на активностите за спроведување на НКБК за периодот април-септември 2020 година. Во рамките на наративниот дел од извештајот за спроведување на НОБП ќе бидат содржани и резултатите и активностите на Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија.

Членот на НКБК, Славица Настеска, појасни дека Агенцијата за електронски комуникации сеуште ги нема доставено сите податоци потребни за подготовка на извештајот, а доколку не се добијат комплетните податоци предлогот е да се оди со податоците кои како последни се објавени во претходниот извештај.

Членот на НКБК, Анастас Мишев, се заложи да ги ажурира графиците кои се составен дел од извештајот.

Настеска го отвори прашањето за распространетоста на мобилен бродбенд, во рамките на кое во претходниот извештај пенетрацијата е утврдена на 80 %, но отпосле еден од мобилните оператори доставил официјално известување до Агенцијата со кое известил

дека од нивна страна направена е ненамерна грешка т.е бројот на нивни претплатници на мобилен бродбенд треба да се намали за 150.000, со што реалниот процент не е 80 % туку 70%. Истото ќе биде корегирано и на веб страната на НКБК. Според последната информација добиена од Агенцијата за подготовката на вториот извештај, распространетоста на мобилен бродбенд е 64 %, што покажува дека земјата покажува најслаби резултати на европско ниво.

Во продолжение на дискусијата се отвори дилемата околу податоците добиени од Агенцијата во врска со спремноста за 5G.

**Заклучок :** До 25.09.2020 година, да се подготви финалниот текст на Извештајот, со цел на крајот на септември да се одржи седница на НКБК на која истиот ќе се усвои.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на дискусијата околу третата точка за надлежностите/обврските на НКБК, согласно новата Програма за работа на Владата (2020-2024 година), претседателот на НКБК, Димитар Буковалов истакна дека владината програма за следните четири години (која пред неколку дена беше објавена) содржи повеќе точки кои ја засегааат Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), меѓу кои се издвојуваат две. Прво, во областа на туризмот, Владата ќе обезбеди систем за субвенционирање на алтернативен и културен туризам, археолошките локалитети ќе се оспособат и ќе бидат достапни за посета на домашни и странски туристи, а ќе се овозможи користење на бесплатен државен wi-fi со кликнување на линк што ќе води до промотивна страна на општина, на реон, на влез во држава, на стојалишта и бензински пумпи, Второ, до крајот на 2020 ќе се подготви физибилити студија за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ).

По однос на првата точка, членовите се согласија дека поради објавата на новата Програма за работа на Владата, неопходно ќе биде дополнително усогласување/ажурирање на предлог текстот на препораките за воведување на јавни бесплатни WiFi точки во општините.

Во однос на втората точка, се отвори дилема околу поставениот рок за подготовка на физибилити студијата (крајот на 2020 година), имајќи предвид дека прво треба да се подготви ToR за избор на консултантска куќа која ќе ја подготвува студијата, потоа треба да се спроведе јавна набака за избор на консултантска куќа, а треба да се има предвид дека и подготовката на студијата бара доста време.

Записникот го водеше
Претседател на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________